РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Управата за животна средина, постапувајќи по барањето бр. УП1-11/2-1263/2023, за добивање на дозвола за вршење на дејност за управување со отпад, поднесено од страна на правниот субјект **ДПТУ СЕРАЛ ПОЛИМЕР ДООЕЛ експорт-импорт Велес**, на 30.06.2023 година, издаде

ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД
(Складирање, преработка или рециклирање на отпад)

- Назив на носителот на дозволата: **ДПТУ СЕРАЛ ПОЛИМЕР ДООЕЛ експорт-импорт Велес**
- Седиште: ул. Васа Кошулчева, бр. 46, Велес
- Назив и адреса на подружница/локација/општина: КП бр. 1188, КО Велес во општина Велес
- Единствен даночен број (ЕДБ) **4080022607241**
- Број на решение за издавање на дозволата **УП1-11/2-1263/2023**
- Датум на издавање на дозволата **30.06.2023**
- Важење на дозволата до **29.06.2033**

М.П

Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor
Директор/Drejtor
Hisen Xhemaili

Барања што треба да ги исполнува субјектот за да може да врши дејност управување со отпад

I.Минимално – технички барања

Начин на вршење на дејноста (потребна опрема, простор за вршење на дејноста и видови и количество на отпад)

а) При вршење на дејноста собирање и транспортирање на отпад, правното лице_____ согласно капацитетот на возилата, може да собира и транспортира отпад до _____ тони/ден.

Вид на отпад за кој се издава дозволата за вршење на дејноста собирање и транспортирање на отпад:

Ред. бр.	Шифра на отпад

б) При вршење на дејноста складирање на отпад, правното лице ДПТУ СЕРАЛ ПОЛИМЕР ДООЕЛ експорт-импорт Велес, ја користи инсталацијата која се наоѓа на локацијата со адреса на: КП бр. 1188, КО Велес во општина Велес, и согласно капацитетот на инсталацијата, може да складира:

- до_____ тони опасен отпад и

- до 20 тони друг вид на неопасен отпад.

Вид на отпад за кој се издава дозволата за вршење на дејноста складирање на отпад:

Ред. бр.	Шифра на отпад
	02 01 04; 04 02 09; 04 02 21; 04 02 22; 07 02 13; 12 01 05; 16 01 19; 19 12 04; 19 12 08; 20 01 11; 20 01 39

в) При вршење на дејноста за преработка или рециклирање на отпад во стационарни постројки, правното лице, ја користи инсталацијата која се наоѓа на локацијата со адреса, и согласно капацитетот на инсталацијата, може да врши дејност преку постапките на:

- рециклирање на отпадот/

- повторно користење на отпадот/

- други видови на преработка на отпадот, до _____ тони/ден;

Приемот на отпад на локацијата со адреса на: КП бр. 1188, КО Велес во општина Велес, се врши од 08 до 17 часот, секој ден освен Недела.

Вид на отпад за кој се издава дозволата за вршење на дејноста преработка или рециклирање на отпад во стационарни постројки:

Ред. бр.	Шифра на отпад

г) При вршење на дејноста преработка или рециклирање на отпад во мобилни постројки правното лице може да врши дејност преку постапките на:

- рециклирање на отпадот/

- повторно користење на отпадот/

- други видови на преработка на отпадот, до _____ тони/ден.

Оваа дозвола важи за секоја локација каде ќе се постави мобилната постројка, а за која има одобрена студија за оцена на влијанието на проектот врз животната средина или елаборат за заштита на животната средина согласно Законот за животната средина.

Вид на отпад за кој се издава дозволата за вршење на дејноста преработка или рециклирање на отпад во мобилни постројки:

Ред. бр.	Шифра на отпад

Доколку се врши третман на отпад заради подготвителна активност за преработка или рециклирање на отпад во мобилни постројки се наведува договорот за соработка за предавање на отпадот на правно

лице кое има инсталација и кое поседува дозвола за управување со отпад согласно прописите од областа на управувањето со отпадот.

Инсталација за предавање на отпадот за понатамошна преработка или рециклирање:

Ред. бр.	Име на инсталацијата	Вид и број на издадена дозвола за преработка или рециклирање на отпад

Податоци и инфраструктура на локацијата

Воспоставена инфраструктура во согласност со видот на дејноста за која се издава дозволата и техничките и технолошките барања наведени во барањето за добивање на дозволата.

а) Локацијата со адреса на: КП бр. 1188, КО Велес во општина Велес, да има истакнато посебна табла со известување на која ќе има информации за:

- назив, адреса и телефон на локацијата;

- работно време;

- името на операторот и

- бројот на дозволата и дејноста која се врши во согласност со дозволата.

б) Воспоставен организиран соодветен систем на обезбедување на локацијата, преку кој ќе се врши надзор на локацијата и работата на системот за видео надзор и ќе спречи секаков вид на недозволено движење и обид за влез во локацијата или инсталациите (на пр.назначување на лице кое ќе биде одговорно во текот на работната смена за безбедноста на локацијата и работата на системот на видео надзорот), подготовка на распоред за работа на одговорните лица, доколку работата на локацијата е поделена во смени. За секое одговорно лице, треба да има назначено и негова замена.

в) Обезбеден посебен простор за возилата со кои ќе се врши транспортирање на отпад до локацијата, во рамките на самата локација и при изнесување и/или извоз на отпад од инсталацијата, како и обезбеден соодветен видео надзор на транспортирањето во рамките на локацијата. Соодветно обележување и осветлување на пристапот до локацијата и просторот во самата локација за да овозможи непречено вршење на транспортирањето на отпадот. Обезбедување на соодветна пристапна патека до локацијата, како и обезбедување на соодветно широки патеки на движење во рамки на локацијата кои треба да бидат асфалтирани и соодветно обележани.

г) Во рамките на локацијата каде се одвива дејноста за која е издадена дозволата, да има обезбедено простор за чување на целокупната документацијата која се однесува на локацијата, дозволата која му е издадена и придружната документација за локацијата и за дејностите кои се опфатени во обемот на дозволата и податоците од видео надзорот, со цел обезбедување на контрола и надзор од страна на овластените службени лица и инспекциските служби, согласно закон.

Раководење со инсталацијата (потребен кадар и квалификации)

а) Образованието и други квалификации на вработените и техничката опременост:

- со дејноста која е предмет на оваа дозвола, раководи одговорно лице на инсталацијата на локацијата (управител - Филип Иванов) со седиште на ул. Скоевска 586, 1000 Скопје, кој ги поседува и сите потребни квалификации согласно Законот за управување со отпадот и- во процесот на дејноста за која се издава оваа дозвола работат работници кои се квалификувани, имаат соодветна стручна спрема, работно искуство и потребна техничка опременост.

б) Структурата на раководењето со локацијата треба да биде во согласност со податоците од поднесеното барање, кое се чува заедно со дозволата.

II. Безбедносни и превентивни мерки што треба да се преземат со цел влијанијата врз животната средина да се во согласност со прописите од областа на животната средина и здравјето на луѓето

Повторно започнување со работа на инсталацијата и локацијата

При повторно започнување со работа на инсталацијата и локацијата, треба да се обезбедат истите барања за работа кои ги исполнувала инсталацијата и локацијата при добивање на дозволата. Проверка дали се исполнети барањата за повторно вршење на дејност во инсталацијата и локацијата ги врши Управата за животна средина.

Операторот треба планот за грижа за локацијата/инсталацијата да го поседува и по затворањето на локацијата каде се врши дејноста и постојано да го ажурира во согласност со инструкциите од Управата за животна средина и интензитетот на дејностите кои ги врши, како и други релевантни податоци за инсталацијата согласно овој правилник.

Работа на инсталацијата

а) Во програмата за подобрување на работата на инсталацијата и заштита на животната средина, треба да се внесе начинот и постапката за прием на отпад во локацијата, начинот и постапката на обезбедување на видео надзорот, начинот на селектирање на различните видови на отпад, водење на евиденција за отпадот и наведување на лицето/та кое е/се одговорно/и за прием на отпадот во локацијата.

б) Прием на отпад во локацијата врши лице кое е назначено за одговорно лице или приемот го врши управителот со отпад. При прием на отпад во локацијата, одговорното лице врши увид во придружната документација и доколку отпадот не е од тековно производство, односно таков вид на отпад за прв пат се прима во локацијата, одговорното лице бара документ за карактеризација на отпадот. При прием на применият отпад одговорното лице води евиденција и истата ја архивира во местото означено за чување на евиденција за прием на отпад. Во простор обезбеден за чување на документацијата (архива) се чуваат и податоците од видео надзорот согласно Законот за управување со отпадот(*1).

в) По приемот на отпадот во локацијата, истиот се транспортира до местото означено соодветно на видот на отпад. Внатрешното транспортирање го вршат работници квалификувани за вршење на превоз со помош на механизација, со средства за транспортирање со кои се спречува, односно максимално се намалува ризикот за растурање, излевање и прелевање на отпадот. При прием на различни видови на отпад, лицето одговорно за прием дава инструкции за селектирањето и одвојување на различните видови на отпад на работниците кои вршат транспортирање на применият отпад.

г) Во програмата за подобрување на работата на инсталацијата и заштита на животната средина која се изработува и применува за локацијата за која се издава дозвола, се определуваат барања за одржување на опремата за работа, барања за одржување на системот за видео надзор, помошната механизација со која се врши внатрешно транспортирање и на технологијата која се користи во инсталацијата во зависност од дејноста која се врши. Проверката на помошната механизација, опремата за работа и на садовите за складирање се врши најмалку два пати во една календарска година, а за технологијата која се користи во инсталацијата најмалку еднаш во една календарска година.

Записниците за извршената проверка се чуваат заедно со другата евиденција во просториите наменети за чување на документи.

Грижа за животната средина и безбедноста и здравјето на луѓето

Контрола на граничните вредности на емисии се врши согласно прописите од областа на граничните вредности за:

- емисии на одредени супстанции во воздухот при горење или согорување на отпадот,

- емисии за граничните вредности за емисии од издувни гасови,

- емисии при исфрлање отпадна вода,

- техниките, методите и динамиката за мерења и следење на емисиите на супстанциите во воздухот и водата што се создаваат при горење или согорување на отпад, како и начинот и временските рокови за постигнување на граничните вредности за емисии на супстанциите во воздухот и водата,

- емисии во вода,

- емисии во системот на канализација,

- емисии во почва,

- контрола на бучава - се обезбедуваат барањата за целосно отстранување или максимално намалување на бучавата која се создава при вршење на дејноста на локацијата, при што се применуваат соодветни методи за контрола на бучавата.

Мониторинг

Се врши мониторинг најмалку еднаш годишно, а по потреба и повеќе (на барање на надлежен орган) во однос на тоа дали се исполнети стандардите и дали се почитуваат граничните вредности кои се однесуваат на:

- бучава,
- површински и подземни води,
- воздух и
- системот на канализацијата на локацијата.

Опремата за мониторинг се инсталира на сите точки на емисијата и истата е инсталирана согласно стандардите за употреба.

Операторот обезбедува безбеден и постојан пристап до мерните места, за да овозможи земање на примероци и пристап до други мерни места по барање на надлежниот орган.

III. Други барања кои произлегуваат од спроведената оцена на влијанието врз животната средина и опасноста по здравјето на луѓето

Постапување во итни случаи

Во случај на непредвиден настан, веднаш се идентификува случајот и се известува Државниот инспекторат за животна средина, по потреба се известуваат и други надлежни инспекторати, се спроведува истрага за идентификување на природата и причините, се изолира изворот во случај на емисија и се оценува загаденоста на животната средина доколку постои загадување, односно се преземаат сите мерки согласно закон.

Водење на евиденција

Во просториите на локацијата за водење на евиденција се чуваат следните документи: дозволата и барањето за дозволата, постапките кои се преземени и се однесуваат на дејноста за која е издадена

дозволата, досиејата за секој прием на отпад на локацијата, евиденција за сите земени примероци, анализи, испитувања согласно барањето за добивање на дозвола, мониторинг на влијанијата врз животната средина, податоците од видео надзорот, евиденција за сите доставени поплаки за работата на локацијата.

Евиденцијата се води согласно Законот за управување со отпадот [*1]. Во секое време се обезбедува слободен пристап на инспекторите за животна средина до евиденцијата која се однесува на работата и пракса при управување со отпад на локацијата.

Известување и поднесување на извештаи

Врз основа на податоците од евиденцијата еднаш годишно се изготвува консолидиран извештај на пропишан образец и истиот се доставува до Управата за животна средина, најдоцна до 31 јануари во тековната за претходната година согласно член 50 од Законот за управување со отпадот [*1].

Било какви измени на барањата во дозволата се вршат согласно Законот за управување со отпадот [*1].

Освен годишниот извештај за работата на локацијата, доколку имало итен случај (по потреба) се доставува и посебен извештај.

Во случаите на извоз на отпад се доставува известување на начин утврден согласно Законот за управување со отпадот [*1].

IV. Висина и вид на гаранција или осигурување При вршење на дејноста Складирање, преработка или рециклирање на отпад на отпадот, правното лице ДПТУ СЕРАЛ ПОЛИМЕР ДООЕЛ експорт-импорт Велес, има обезбедено средства како гаранција во висина од **6.150.000.00 денари** односно осигурување _____ (се наведува видот на осигурувањето), заради обезбедување надомест на штета врз животната средина.

По престанување со вршење на дејноста _____ на отпадот, правното лице _____, има обезбедено средства во висина од _____ (се наведува висината на средствата изразена во денари или во евра), и гаранција, односно осигурување _____(се наведува видот на гаранцијата или осигурувањето), заради обезбедување на сите понатамошни дејствија кои би можеле да предизвикаат еколошка хаварија, штета или загрозување на човековото здравје и животната средина.

Осигурувањето се обезбедува секоја година.